Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 24 став 1 точка 1 алинеја 17 (“Службен весник на Република Македонија” бр.96/18) и член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (“Службен весник на Република Македонија” бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95 и Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), УП1 бр. 11-290/14 од 09.07.2018 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги САН ПЕТРОЛЕУМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на седницата одржана на 01.08.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V), ЕУРОСУПЕР БС 95 И ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1)**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95 и Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), на Друштвото за производство, трговија и услуги САН ПЕТРОЛЕУМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со евидентен број НД - 50.03.1/15 издадена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука УП1 Бр. 11-290/14 од 11.02.2015 година (“Службен весник на Република Македонија” бр.21/15), ПРЕСТАНУВА, по барање на носителот.

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, трговија и услуги САН ПЕТРОЛЕУМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, поднесе барање УП1 бр. 11-290/14 од 09.07.2018 година за престанување на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95 и Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), со евидентен број НД - 50.03.1/15 издадена од Регулаторната комисија за енергетика со Одлука УП1 Бр. 11-290/14 од 11.02.2015 година (Службен весник на Република Македонија бр.21/15).

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 24 став 1 точка 1 алинеја 17 од Законот за енергетика и член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги САН ПЕТРОЛЕУМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-290/14**
**01.08.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**